Предлагачи : Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСНА ЗОНА,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 02. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. njësia. Org. | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 08 | 3156/1 | | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

DREJTUAR

KRYETARIT TË KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона, по скратена постапка.

Në bazë të nenit 71 paragrafit 1 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 139, 144 dhe 175 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ju parashtrojmë Propozim-ligj për shpalljen e hapësirës rreth Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për zonë të sigurt, me procedurë të shkurtuar.

ПРАТЕНИЦИ / DEPUTETËT:

1. Afrim Gashi
2. Никола Мицевски
3. Весна Бендевска
4. Оливер Спасовски
5. [illegible]
6. Bekim Qoku
7. Борислав Крмов

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона се уредува статусот, вкупната површина, границите на земјиштето, употребата, обезбедувањето, надзорот и уредувањето на имотно - правните прашања поврзани со просторот околу Собранието на Република Северна Македонија прогласен за безбедносна зона.

Јавниот интерес е придобивка на сите граѓани или големо мнозинство граѓани или голем дел од граѓаните како специфична малцинска група во заедницата (локална, регионална, државна или национална), која се постигнува преку активностите (одлуки и активности) на точно определени органи или организации овластени да вршат јавни овластувања.

Националните парламенти ја организираат својата безбедност на различни начини. Начелата на поделбата на власта, парламентарната автономија и парламентарните процеси се основа на безбедносната димензија која ја бараат парламентите како претставнички органи на граѓаните. Безбедноста на парламентите покрај внатрешноста на објектот ја опфаќа и надворешноста, која во дефинирани димензии се нарекува надворешен периметар. Постојат држави каде што парламентите сочинуваат неколку згради (Вашингтон, УСА, Отава, Канада) на помала територија, па безбедносниот периметар го опфаќаат повеќе објекти, не само парламентарната зграда.

Периметарот може да вклучува и цивилен блок, таков е парламентот на Прага, каде зградата е во старото градско јадро. Безбедносниот ангажман заради тоа ги вклучува и тие објекти.

Дополнително, периметарот најчесто опфаќа и димензија на движење на пешаци и возила на сообраќајници и улици, кои исто така спаѓаат под безбедносен интерес.

Безбедноста, освен во територијална смисла, се одржува и во воздушна смисла, па воздушниот простор на парламентот се прогласува за забранета зона за летање на дронови и други типови летала.

Безбедносните зони се уредени во парламенти на повеќе европски држави меѓу кои:

1.во Австрија ова зона е околу парламентарната зграда каде собири и демонстрации се забранети кога заседава парламентот, а за време на државни посети сообраќајниот режим околу парламентот е рестриктивен. Паркинг просторот околу парламентарната зграда е слободен за пристап, но се употребуваат рестриктивно само за пратениците и парламентарната служба;

2. Во Белгија белгискиот парламент е обиколен со неутрална зона, која е наменета да превенира и запре секаков вид на напад на слободното извршување на функцијата на парламентот. Во ова зона освен по исклучок собири, состаноци на отворено и индивидуални демонстрации се забранети со закон, а пратениците и парламентарните служби го користат паркингот со подземни и надземни гаражи;

3. во Германија постои закон кој ги уредува безбедносните зони и во случај на протести и демонстрации се наметнуваат построги правила;

4. во Романија парламентарната палата е обиколена со безбедносна зона, а во специјални зони се паркираат пратениците и парламентарната служба;

5. Во Унгарија постои безбедносна зона околу парламентот на кој страните се обиколени со суб зони со 24 часовна заштита.

Надворешниот и внатрешниот простор и луѓето кои доаѓаат во парламентарната зграда можат да бидат во посебен безбедносен режим кога станува збор за различни формати на работа на парламентот (конститутивна седница, обраќање на претседател на држава, прием на делегации и друго).

Процесите и агендата на парламентите во врска со територијата и физичкиот периметар особено е значајна за безбедносниот режим во зоните во ситуации кога заради најавени односно ненајавени протести пред зградите на парламентите се ускратува правото на пратеникот слободно да се движи и да го врши својот пратенички мандат.

Традицијата, политичката култура, политичкиот систем и искуството со напади и инциденти се основните фактори кои ги определуваат моделите за безбедноста на парламентите.

Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловник.

Дополнителна причина за донесување на овој закон е тоа што во изминатиот период просторот околу Собранието како атрактивна локација во строгиот центар на градот во постапка со електронско јавно надавање беше отуѓена дел од катастарската парцела на правно лице и во непосредна близина на Собранието се планира изградба на катна гаража за комерцијални цели.

Со оглед дека се работи за уредување на законска материја преку која ќе се овозможи сигурност на надворешниот и внатрешниот простор и луѓето кои доаѓаат во собраниската зграда, а со тоа ќе се елиминира секаков можен ризик заради непречено функционирање и работење на Собранието и овозможување на слободен пристап на пратениците, надворешните лица кои учествуваат во работата на Собранието (преставници на Владата и на органите на државната управа и на други органи) и на вработените во Службата на Собранието, се предлага земјиштето околу Собранието да се прогласи за безбедносна зона, по примерот на голем број држави.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона ќе се овозможи слободен пристап на пратениците, надворешните лица кои учествуваат во работата на Собранието (преставници на Владата и на органите на државната управа и на други органи) и на вработените во Службата на Собранието, во просторот околу Собранието и истовремено ќе се заштити објектот, пратениците, Службата и просторот околу Собранието кој е прогласен за безбедносна зона за искористување за потреби, кои не се на Собранието и објектите кои се наоѓаат во негова непосредна близина, а се во границите на безбедносната зона.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации и финансиските средства потребни за спроведување на овој предлог на закон ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон потребни се дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Износот на средства за спроведување на овој закон ќе се определи од страна на овластен проценител согласно Законот за процена.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на Закон за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСНА ЗОНА

Член 1

Просторот околу објектот на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) се прогласува за безбедносна зона, заради безбедно и непречено функционирање на Собранието.

Член 2

Безбедносната зона од членот 1 од овој закон претставува јавен интерес од значење за државата.

Член 3

Безбедносната зона е површината на просторот околу објектот на Собранието со дефинирана граница којашто ги опфаќа земјиштето и воздушниот простор, до која од безбедносни причини и заради безбедносни интереси на државата пристапот и користењето се ограничени со закон.

Член 4

(1) Границата на безбедносната зона ги опфаќа во целост КП бр. 13474, КП бр. 13473/2, КП бр. 13473/1, КП бр. 13473/4 и дел од КП бр. 12056/1, сите во КО Центар 1, и зафаќа површина од 1.55 ха (15546.0474$м^2$).

(2) Границата на безбедносната зона започнува од најсеверната точка 1 позиционирана на КП бр. 13825/1, КО Центар 1 и се спушта кон југоисток пресекувајќи ја парцелата до точка 5, од каде врти кон југ и во сегменти се спушта до точка 15 која лежи на границата помеѓу КП бр. 13825/1 и КП бр. 13854/1. Оттука продолжува во југозападен правец долж КП бр. 13954/1 до точка 16, од каде врти кон северозапад до тромеѓето на КП бр. 13954/1, КП бр. 13473/1 и КП бр. 13475/1. Продолжувајќи во западен правец долж границата помеѓу КП бр. 13473/1 и КП бр. 13475/1 до точка 37, врти кон север движејќи се долж границата помеѓу КП бр. 13473/1 и КП бр. 13475/1, границата помеѓу КП бр. 13473/2 и КП бр. 13475/1 и границата помеѓу КП бр. 13473/1 и КП бр. 13475/1 до точка 49. Потоа врти кон исток и се спушта долж границата помеѓу КП бр. 13473/1 и КП бр. 12056/1 и помеѓу КП бр. 13473/1 и бр. 12064/1 до точка 55. Свртувајќи кон североисток се движи долж границата помеѓу КП бр. 12064/1 и КП бр. 12056/1, границата помеѓу КП бр. 12064/2 и КП бр. 12056/1, границата помеѓу КП бр. 12062 и КП бр. 12056/1 и пресекувајќи ја КП бр. 13825/1 стигнува до почетната точка 1.

(3) Границата на безбедносната зона може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 114 и 14 лака, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметри по X и Y координати:

| Геометриски елемент | Реден број | X | Y | |
|---|---|---|---|---|
| | 1. | 7536304.2291 | 4650043.9318 | Најсеверна |
| | 2. | 7536305.8290 | 4650040.7570 | |
| Правци | 3. | 7536315.9120 | 4650021.3720 | |
| | 4. | 7536327.7090 | 4649999.4720 | |
| | 5. | 7536345.9040 | 4649964.8990 | |
| | Испапчување: | -0.0038 | | |
| | Центар: | 7536242.9489 | 4649918.9351 | |
| Лак | Радиус: | 112.7495 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 01 | Почетен агол: | 24 | | |
| | Краен агол: | 23 | | |
| Правец | 6. | 7536346.5884 | 4649963.3342 | |
| Лак<br>02 | Испапчување: | -0.0109 | | |
| | Центар: | 7536310.8623 | 4649947.9552 | |
| | Радиус: | 38.8957 | | |
| | Почетен агол: | 23 | | |
| | Краен агол: | 21 | | |
| Правец | 7. | 7536347.2225 | 4649961.7685 | |
| Лак<br>03 | Испапчување: | -0.0186 | | |
| | Центар: | 7536326.4149 | 4649953.8149 | |
| | Радиус: | 22.2759 | | |
| | Почетен агол: | 21 | | |
| | Краен агол: | 17 | | |
| Правец | 8. | 7536347.7558 | 4649960.2010 | |
| Лак<br>04 | Испапчување: | -0.0218 | | |
| | Центар: | 7536332.9128 | 4649960.2010 | |
| | Радиус: | 15.4965 | | |
| | Почетен агол: | 17 | | |
| | Краен агол: | 12 | | |
| Правец | 9. | 7536348.0869 | 4649958.8927 | |
| Лак<br>05 | Испапчување: | -0.0670 | | |
| | Центар: | 7536337.4759 | 4649956.6223 | |
| | Радиус: | 10.8512 | | |
| | Почетен агол: | 12 | | |
| | Краен агол: | 357 | | |
| Правец | 10. | 7536348.3095 | 4649956.0052 | Најисточна |
| Лак<br>06 | Испапчување: | -0.0472 | | |
| | Центар: | 7536334.1554 | 4649956.8964 | |
| | Радиус: | 14.1821 | | |
| | Почетен агол: | 356 | | |
| | Краен агол: | 346 | | |
| Правец | 11. | 7536347.8918 | 4649953.3689 | |
| Лак<br>07 | Испапчување: | -0.0189 | | |
| | Центар: | 7536326.6663 | 4649958.7324 | |
| | Радиус: | 21.8927 | | |
| | Почетен агол: | 346 | | |
| | Краен агол: | 341 | | |
| Правец | 12. | 7536347.4268 | 4649951.7832 | |
| Лак<br>08 | Испапчување: | -0.0128 | | |
| | Центар: | 7536316.1958 | 4649962.2795 | |
| | Радиус: | 32.9477 | | |
| | Почетен агол: | 341 | | |
| | Краен агол: | 338 | | |
| Правец | 13. | 7536346.8475 | 4649950.1955 | |
| Лак<br>09 | Испапчување: | -0.0090 | | |
| | Центар: | 7536287.8081 | 4649973.5988 | |
| | Радиус: | 63.5088 | | |
| | Почетен агол: | 338 | | |
| | Краен агол: | 336 | | |
| Правци | 14. | 7536345.9628 | 4649948.0765 | |
| | 15. | 7536345.5254 | 4649947.0245 | |
| | 16. | 7536266.6480 | 4649896.6930 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Лак 10 | Испапчување: | -0.0024 | | |
| | Центар: | 7536252.6989 | 4649930.2079 | |
| | Радиус: | 36.3019 | | |
| | Почетен агол: | 293 | | |
| | Краен агол: | 292 | | |
| Правец | 17. | 7536266.3301 | 4649896.5624 | |
| Лак 11 | Испапчување: | -0.0096 | | |
| | Центар: | 7536259.5727 | 4649913.0091 | |
| | Радиус: | 17.7808 | | |
| | Почетен агол: | 292 | | |
| | Краен агол: | 290 | | |
| | 18. | 7536265.6952 | 4649896.3157 | |
| Лак 12 | Испапчување: | -0.0202 | | |
| | Центар: | 7536262.8580 | 4649904.0399 | |
| | Радиус: | 8.2288 | | |
| | Почетен агол: | 290 | | |
| | Краен агол: | 286 | | |
| Правец | 19. | 7536265.0635 | 4649896.1122 | |
| Лак 13 | Испапчување: | -0.0427 | | |
| | Центар: | 7536263.7942 | 4649900.6066 | |
| | Радиус: | 4.6702 | | |
| | Почетен агол: | 286 | | |
| | Краен агол: | 276 | | |
| Правец | 20. | 7536264.2813 | 4649895.9618 | Најјужна |
| Лак 14 | Испапчување: | -0.0935 | | |
| | Центар: | 7536263.8394 | 4649900.6353 | |
| | Радиус: | 4.6943 | | |
| | Почетен агол: | 275 | | |
| | Краен агол: | 254 | | |
| Правци | 21. | 7536262.5479 | 4649896.1221 | |
| | 22. | 7536256.5100 | 4649899.8800 | |
| | 23. | 7536250.5800 | 4649903.4400 | |
| | 24. | 7536248.5200 | 4649902.1300 | |
| | 25. | 7536246.1900 | 4649901.5300 | |
| | 26. | 7536243.4800 | 4649901.5500 | |
| | 27. | 7536207.4800 | 4649912.7500 | |
| | 28. | 7536207.7100 | 4649913.9300 | |
| | 29. | 7536203.2200 | 4649915.5200 | |
| | 30. | 7536201.1700 | 4649916.1900 | |
| | 31. | 7536197.4500 | 4649917.2100 | |
| | 32. | 7536192.7900 | 4649918.6800 | |
| | 33. | 7536189.5400 | 4649919.7800 | |
| | 34. | 7536180.2200 | 4649922.8500 | |
| | 35. | 7536176.9300 | 4649923.9300 | |
| | 36. | 7536170.3700 | 4649926.1400 | |
| | 37. | 7536162.7600 | 4649928.7700 | |
| | 38. | 7536161.3200 | 4649930.2700 | |
| | 39. | 7536160.6900 | 4649931.6100 | |
| | 40. | 7536160.6000 | 4649934.3500 | |
| | 41. | 7536161.3900 | 4649936.7700 | |
| | 42. | 7536160.5600 | 4649938.5800 | |
| | 43. | 7536160.2200 | 4649939.4500 | Најзападна |
| | 44. | 7536170.3500 | 4649971.7000 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 45. | 7536171.8100 | 4649972.5300 | |
| | 46. | 7536171.9400 | 4649974.6600 | |
| | 47. | 7536172.5100 | 4649983.7800 | |
| | 48. | 7536170.2900 | 4649984.0500 | |
| | 49. | 7536170.6500 | 4649991.8800 | |
| | 50. | 7536178.0900 | 4649990.0500 | |
| | 51. | 7536180.2700 | 4649990.5400 | |
| | 52. | 7536186.4600 | 4649988.3600 | |
| | 53. | 7536197.2600 | 4649984.9300 | |
| | 54. | 7536202.8900 | 4649983.0900 | |
| | 55. | 7536214.8800 | 4649979.3600 | |
| | 56. | 7536215.0800 | 4649979.9900 | |
| | 57. | 7536218.6000 | 4649991.9000 | |
| | 58. | 7536219.9700 | 4649991.4500 | |
| | 59. | 7536219.6000 | 4649990.4000 | |
| | 60. | 7536224.1800 | 4649988.7100 | |
| | 61. | 7536224.4800 | 4649989.8100 | |
| | 62. | 7536225.4400 | 4649993.3100 | |
| | 63. | 7536225.8600 | 4649994.7700 | |
| | 64. | 7536227.6500 | 4649994.2200 | |
| | 65. | 7536227.2900 | 4649993.1200 | |
| | 66. | 7536235.2200 | 4649990.6800 | |
| | 67. | 7536237.3300 | 4649990.0700 | |
| | 68. | 7536237.6700 | 4649991.2300 | |
| | 69. | 7536239.0500 | 4649996.4600 | |
| | 70. | 7536240.4900 | 4650001.4300 | |
| | 71. | 7536246.0800 | 4649999.3800 | |
| | 72. | 7536248.7700 | 4650005.7300 | |
| | 73. | 7536249.3500 | 4650005.5300 | |
| | 74. | 7536248.9700 | 4650004.4200 | |
| | 75. | 7536259.3600 | 4650001.3400 | |
| | 76. | 7536261.4900 | 4650008.2600 | |
| | 77. | 7536265.7600 | 4650006.9000 | |
| | 78. | 7536267.5300 | 4650012.6400 | |
| | 79. | 7536269.2800 | 4650012.1900 | |
| | 80. | 7536270.3700 | 4650015.0700 | |
| | 81. | 7536269.9400 | 4650015.2500 | |
| | 82. | 7536270.9000 | 4650017.8000 | |
| | 83. | 7536271.7800 | 4650017.5100 | |
| | 84. | 7536271.6100 | 4650017.0000 | |
| | 85. | 7536272.9000 | 4650016.5700 | |
| | 86. | 7536272.9400 | 4650016.7600 | |
| | 87. | 7536275.3600 | 4650016.0000 | |
| | 88. | 7536276.3600 | 4650018.9700 | |
| | 89. | 7536275.8800 | 4650019.1400 | |
| | 90. | 7536276.6800 | 4650021.6800 | |
| | 91. | 7536278.0400 | 4650021.2600 | |
| | 92. | 7536277.8200 | 4650020.4800 | |
| | 93. | 7536279.0300 | 4650020.1500 | |
| | 94. | 7536279.1500 | 4650020.5100 | |
| | 95. | 7536281.8600 | 4650019.6300 | |
| | 96. | 7536282.9600 | 4650023.2400 | |
| | 97. | 7536282.3900 | 4650023.4200 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 98. | 7536283.1800 | 4650025.8100 | |
| | 99. | 7536284.4400 | 4650025.4000 | |
| | 100. | 7536284.1900 | 4650024.6300 | |
| | 101. | 7536285.7500 | 4650024.1500 | |
| | 102. | 7536285.8300 | 4650024.4600 | |
| | 103. | 7536288.0600 | 4650023.8000 | |
| | 104. | 7536288.2300 | 4650024.2400 | |
| | 105. | 7536289.2200 | 4650027.1700 | |
| | 106. | 7536288.6900 | 4650027.3400 | |
| | 107. | 7536291.2000 | 4650035.1200 | |
| | 108. | 7536300.5000 | 4650041.3400 | |
| | 109. | 7536299.5300 | 4650040.7500 | |
| | 110. | 7536298.2600 | 4650040.0000 | |
| | 111. | 7536297.9400 | 4650040.4500 | |
| | 112. | 7536296.1500 | 4650039.2800 | |
| | 113. | 7536295.8800 | 4650039.7300 | |
| | 114. | 7536291.5900 | 4650036.9200 | |

(4) Висината на безбедносната зона во вертикала на утврдената територијална граница од ставовите (1), (2) и (3) на овој член изнесува 100 метри.

Член 5

(1) Границата на безбедносната зона од членот 4 од овој закон, Агенцијата за катастар на недвижности ја прибележува по службена должност во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, во катастарските парцели опфатени со просторот на безбедносната зона, сопственост на Република Северна Македонија.

(2) За секоја катастарска парцела дел од границата на безбедносната зона се става забелешка дека е составен дел на безбедносната зона.

(3) Границата на безбедносната зона од ставот (1) на овој член не може да се менува при донесување на нов урбанистички план и претставува составен дел од секој нов урбанистички план или урбанистичко-планска документација.

Член 6

(1) Просторот во безбедносната зона се користи за потребите на Собранието и се уредува со поставување на времени објекти и урбана опрема во функција на негова непосредна употреба.

(2) Користењето и уредувањето на просторот во безбедносната зона согласно со ставот (1) на овој член се врши со одлука на претседателот на Собранието.

Член 7

Обезбедувањето и надзорот на просторот на безбедносната зона го врши надлежното министерство согласно закон.

Член 8

(1) Во безбедносната зона се забрануваат:

1. градежни активности;
2. поставување на линиска и инсталациона инфраструктура;
3. одржување на јавни собири, протести или манифестации;
4. летање со дронови и други типови на беспилотни воздушни летала во воздушниот простор над Собранието и безбедносната зона и

5. вршење на други работи со кои се нарушува или оневозможува нормалното функционирање на Собранието и објектите што се наоѓаат во непосредна близина на Собранието, а се до границите на безбедносната зона.

(2) По исклучок од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член, во безбедносната зона може да се извршуваат работи за потребите на Собранието по претходна согласност од претседателот на Собранието.

(3) По исклучок од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член, во безбедносната зона може да се извршуваат работи за потребите на објектите што се наоѓаат во непосредна близина на Собранието, а се до границите на безбедносната зона по претходна согласност од претседателот на Собранието.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува спроведувањето на важечките урбанистички планови во делот на просторот прогласен како безбедносна зона согласно овој закон, до донесувањето на нов урбанистички план.

Член10

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон одобренијата за градење на градби во безбедносната зона издадени до денот на влегување во сила на овој закон се укинуваат, по сила на овој закон.

(2) Со денот на влегување во сила на овој закон правните дела во врска со земјиштето што влегува во просторот прогласен за безбедносна зона, склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон, се раскинуваат по сила на овој закон, а прибелешките за правните дела Агенцијата за катастар на недвижности ги брише од јавната книга за запишување на правата на недвижности, по службена должност.

(3) Со раскинувањето на правните дела од ставот (2) на овој член по сила на овој закон, секоја од договорните страни е должна да го врати она што го стекнала врз основа на склученото правно дело.

(4) Во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон земјиштето од правното дело од ставот (2) на овој член се враќа во владение на Република Северна Македонија, а на поранешниот сопственик му се враќа износот уплатен како купопродажна вредност согласно договорот за купопродажба, зголемен за трошоците на надоместокот за уредување на земјиштето и евентуалните вложувања.

(5) Зголемените трошоци на надоместокот за уредување на земјиштето и евентуалните вложувања од ставот (4) на овој член се определуваат од страна на овластен проценител согласно Законот за процена.

(6) Средствата од ставовите (4) и (5) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(7) По целосно исполнување на обврските од ставовите (4) и (5) на овој член, ниедна од договорните страни од правното дело од ставот (2) на овој член, нема право на дополнителни побарувања спрема другата страна, во управни, судски или друг вид постапки.

Член 11

(1) Во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, Агенцијата за катастар на недвижности е должна да ги оформи во една катастарска парцела катастарските парцели кои се во границата на безбедносната зона согласно членот 4 од овој закон.

(2) Земјиштето што влегува во просторот прогласен за безбедносна зона Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност го запишува како

сопственост на Република Северна Македонија, со право на трајно користење на Собранието.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона се уредуваат 12 члена.

Во членот 1 се предвидува прогласување на подрачјето околу Собранието за безбедносна зона, а со членот 2 се предлага безбедносна зона поради нејзиното значење за државата да е од јавен интерес.

Со членот 3 се дефинира безбедносната зона во смисла на тоа дека безбедносната зона е површината на просторот околу објектот на Собранието со дефинирана граница којашто ги опфаќа земјиштето и воздушниот простор, до која од безбедносни причини и заради безбедносни интереси на државата пристапот и користењето се ограничени со закон.

Членот 4 ја дефинира вкупната површина, границите и координатите на безбедносната зона, како и висината на безбедносната зона во вертикала на утврдената територијална граница.

Членот 5 уредува дека границата на безбедносната зона Агенцијата за катастар на недвижности ја упишува во катастарот на недвижности по службена должност, во катастарските парцели опфатени со просторот на безбедносната зона сопственост на Република Северна Македонија. За секоја катастарска парцела дел од границата на безбедносната зона, се става забелешка дека е составен дел на безбедносната зона, дека границите на безбедносната зона не можат да се менуваат со просторен и урбанистички план, како и тоа дека се суспендира спроведувањето на важечките урбанистички планови во делот на просторот прогласен како безбедносна зона.

Со членот 6 се уредува дека просторот во безбедносната зона се користи за потребите на Собранието, а начинот на користење на просторот во безбедносната зона ќе го пропише претседателот на Собранието со подзаконски пропис.

Членот 7 го уредува начинот на обезбедување и надзорот на просторот на безбедносната зона.

Членот 8 ги уредува забраната и исклучокот на работите во безбедносната зона.

Членот 9 се уредува дека со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува спроведувањето на важечките урбанистички планови во делот на просторот прогласен како безбедносна зона согласно овој закон, до донесувањето на нов урбанистички план.

Членот 10 е преодна одредба која се однесува на издадените одобренија за градење за градби во безбедносната зона.

Членот 11 ги уредува роковите во кои Агенцијата за катастар на недвижности треба да преземе дејствија по службена должност за запишување на земјиштето во безбедносната зона во сопственост на Република Северна Македонија, со право на трајно користење на Собранието, како и оформување на една катастарска парцела на земјиштето во безбедносната зона.

Членот 12 се однесува на влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложената одредба се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се постигне и ќе се гарантира безбедноста на Собранието како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката, ќе овозможи слободен пристап на пратениците, надворешните лица кои учествуваат во работата на Собранието (преставници на Владата и на органите на државната управа и на други органи) и на вработените во Службата на Собранието, во просторот околу Собранието и истовремено ќе се спречи искористување на просторот за потреби кои не се на Собранието и на објектите кои се наоѓаат во негова непосредна близина, а се до границите на безбедносната зона.